Australian Macedonian
TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1986 8 NOVEMBER 2024 FREE

# ПОЛИТИЧКА ПОБЕДА КАКВА ШТО АМЕРИКА НИКОГАШ НЕ ВИДЕЛА



# ТРАМП СЕ ВРАЌА ВО БЕЛАТА КУЌА

Доналд Трамп направи големо враќање во политиката на САД, освојувајќи повеќе од доволно гласови за да ја победи Камала Харис и да се врати во Белата куќа на вториот мандат.

Новоизбраниот претседател ќе ја преземе функцијата со силен мандат. Републиканците повторно го заседоа Сенатот, што значи дека неговиот кабинет и назначувањата во судството ќе се соочат со минимална блокада.

Сега, наместо да ја заврши својата кариера на губитничка нота – имаше два пати импичмент и осуда за криминал – Трамп сега има уште четири години да ја прекрои владата и шанса дополнително да го зацементира своето наследство како најконсеквентен републикански претседател после Роналд Реган.

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Скандал: Се степаа мисици, претставничката од Панама го напушти изборот на Мис Универзум




Претставничката на Панама за Мис Универзум, Италија Мора официјално се повлече од овогодинешниот избор по темелна проценка на дисциплинската комисија на Организацијата, која заклучила дека тоа е „најсоодветниот начин на дејствување во дадените околности“.

На страниците и социјалните мрежи посветени на изборот се појавија гласини дека Мис Универзум Панама се степала со својата цимерка од Доминиканската Република, Селине Сантос Фриас.

„Тие се скараа и Мис Панама ја удри Мис Доминиканска Република, која и го возврати ударот. Откако Мис Панама удри прва, таа беше означена како агресор“, напишаа на Фејсбук страницата ‘Pageant Aficionado’, која има 467.000 следбеници. „Мис Панама го напушти хотелот со нејзиниот директор на националниот натпревар, не поради некаков романтичен или сексуален контекст, туку затоа што не можеа да се справат со однесувањето на Мис Доминиканска Република кон неа.

Организацијата ја искористи оваа техникалија како причина да ја дисквалификува бидејќи на натпреварувачките не им беше дозволено да го напуштат хотелот. Има „големи шефови“ кои навиваат за победа на Мис Доминиканска Република. Дали е ова прв пат во историјата на Мис Универзум да избрка жена кандидат поради наводно лошо однесување?“ пишува на страницата.

Се јави и директорот на националното натпреварување на Панама, Цезар Анел Родригез.

„Италија Мора е многу млада жена, направи грешка која организацијата Мис Универзум не може да ја дозволи и организацијата донесе одлука да ја повлече од натпреварот. Не сакам да давам детали за грешката што беше направена. Имавме договор да ја заштитиме натпреварувачката и сепак имаме почит кон неа“, рече тој.

„Ве молам, не ја осудувајте, не ја напаѓајте бидејќи тоа низ што поминува не е лесно. Таа ќе има светла иднина пред неа бидејќи е млада и брилијантна“, додаде тој.

За потсетување, изборот се одржува во Мексико, а новата кралица на Мис Универзум ќе биде крунисана на 16 ноември.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia
Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com






**ИЗВЕШТАЈ НА ЕУ:**

# Македонија има загуби на струја од 13.8% што е над меѓународните стандарди



Според Извештајот на Европската комисија за напредокот на Македонија за 2024 година, административниот капацитет на земјата во областа на енергетската политика и инвестициите е и натаму недоволен. Недостасува систем за енергетски податоци во Министерството за економија, како и квалитетна евалуација и проценка на енергетските политики и перформанси.

Извештајот нагласува дека имплементацијата на актуелното законодавство за обновлива енергија е несоодветна, додека регулативите за оцена на влијанието врз животната средина остануваат неусогласени со европските стандарди, што го зголемува ризикот од неквалитетни еколошки оцени за стратешки проекти.

Исто така, нема значајни подобрувања во подзаконските акти за малите хидроелектрани со инсталирана моќност под два мегавати. Законот за енергетска ефикасност е само делумно усогласен со европските директиви, а неговото ажурирање е во тек.

„Земјата останува високо зависна од јаглен, додека термоелектраните во Битола и Осломеј продолжуваат да работат со ограничени домашни ресурси и увозен јаглен. Позитивни промени се забележуваат кај производството од обновливи извори, со раст на капацитетот за 50% од вкупната инсталирана моќност, а производството од соларни централи бележи импресивен раст од 287% во 2023 година".

Залихите на нафта се доволни за 58 дена, иако законската обврска е 90 дена. Недоволно е и усогласувањето на регулативите за складирање на гас, што влијае на енергетската безбедност на земјата. МЕПСО и ЕСМ се повикуваат да работат на дигитализација и транспарентност на јавните набавки, додека загубите на електричната мрежа од 13.8% остануваат над меѓународните стандарди.

Целта за учество на обновливите извори во потрошувачката на енергија е поставена на 38% до 2030 година, во согласност со целите на Енергетската заедница, но инвестициите во хидроенергијата треба да бидат во рамките на релевантните закони за заштита на животната средина.




# Владата го блокираше Рио Тинто да отвори рудник за ураниум

Владата интервенираше во блокирањето на новиот обид за ископување ураниум во националниот парк *Какаду* во *Северната Територија*.

Со ова речиси е завршен повеќедецениският спор околу едно од најголемите наоѓалишта на висококвалитетен ураниум во светот. Компанијата *Енерџи ресурсис Австралија (Energy Resources Australia)*, која е во мнозинска сопственост на *Рио Тинто*, поднела барање за обновување на лиценцата за рударство на локацијата наречена *Јабилука*, што предизвика негодување на *Мирара*, локална староседелска заедница. Првобитниот план за развој бил сопрен во 1990-тите по голем јавен протест. Но, како што се повеќе расте цена на ураниумот и јавна дебата одржана на тема дали *Австралија* треба да ја усвои нуклеарната енергија, го насочи вниманието кон *Јабилука*. Малцинските инвеститори во *ЕРА* во последните недели барале да се продолжи лиценцата и да почне развојот.

# Угина најголемиот крокодил во заробеништво, тој имаше повеќе од 110 години



Австралискиот крокодил, долг 5,48 метри, кој го држеше светскиот рекорд за најголем крокодил во заробеништво, угина, соопшти во саботата засолниште за диви животни. Се сметаше дека е стар над 110 години. Касиус, кој тежи повеќе од еден тон, беше во лоша здравствена состојба од 15 октомври, објави *Marineland Melanesia Crocodile Habitat.*

*„Тој беше многу стар и се веруваше дека живеел повеќе од годините на див крокодил“*, се вели во соопштението на организацијата со седиште на *Грин Ајленд*, во близина на туристичкиот град *Кернс* во *Квинсленд*.

*„Касиус многу ќе ни недостига, но нашата љубов и сеќавањата за него ќе останат во нашите срца засекогаш.“*

Тој живеел во засолништето од 1987 година, откако бил префрлен од соседната *Северна Територија* каде крокодилите се клучен дел од туристичката индустрија во регионот.

*Касиус*, морски крокодил, влезе во Гинисовата книга на рекорди како најголемиот крокодил на светот во заробеништво.

Титулата ја понесе по смртта на филипинскиот крокодил *Лолонг* во 2013 година, кој според Гинис бил долг 6,17 метри.



# Домашната економија е подготвена за „меко слетување"

Австралиските креатори на економската политика се пофалија дека исполниле двојната задача, контрола на инфлацијата без значително успорување на домашните активности, со што ја поставиле економијата на пат кон меко слетување тврди **Џим Чалмерс**, министер за финансии.

*„Ја намалуваме инфлацијата, и при тоа не ги игнорираме ризиците кои доаѓаат од неизвесното глобално опкружување, како и од некои домашни извори"* - изјави **Чалмерс**. Тој на маргините на годишните состаноци на *Меѓународниот монетарен фонд (ММФ)* и *Светската банка во Вашингтон* рече земјата постигнала *„извонреден напредок"* во намалувањето на притисокот на цените.



Меѓутоа, *ММФ* предупреди, *Австралија* ќе мора да ја намали владината фискална потрошувачка ако процесот на намалување на инфлацијата запре, бидејќи креаторите на политиката имаат потешкотии да го вратат растот на цените во целниот опсег на Централната банка на *Австралија* од два до три проценти.

**Чалмерс**, исто така, ги истакна последователните буџетски суфицити кои ги постигна лабуристичката влада на **Албанезе**, како пример на фискалната дисциплина. Централната банка ја задржува клучната каматна стапка на 4.35 отсто, што е највисоко ниво во последните 12 години, спротивставувајќи се на глобалниот тренд за намалување на каматите додека се бори со упорната инфлација.

*Австралија* се наоѓа во невообичаена ситуација каде економскиот раст е забавен поради високите трошоци за кредити, додека невработеноста е на историско најниско ниво, а цените на недвижностите и понатаму растат.




# Сашо Мијалков се појави на осветувањето на црквата „Св. Димитриј“ во штипско Ново Село, ктитор е заедно со брат му Влатко

Сашо Мијалков , поранешниот директор на УБК (сега трансформирана во АНБ), присуствуваше на осветувањето на новата црква „Св. Димитриј“, која што се наоѓа веднаш до новата зграда на Музејот на револуционерната борба во штипско Ново Село.



Ова е прво појавување во јавност на Мијалков, откако во мај излезе од затворот во Струга, каде што ја отслужи казната за случајот „Империја“. Тој беше обвинет и во неколку други случаи на поранешното СЈО, но дел му застареа, а беше и ослободен во случаите „Тортура“ и „Трезор“.

На осветувањето на црквата „Св. Димитриј“, кое што беше извршено од страна на поглаварот на МПЦ, г.г. Стефан, тој присуствуваше заедно со брат му Влатко, поранешен советник на Царинската управа. Браќата Мијалкови се ктитори на црквата.

Црквата „Св. Димитриј“ почна да се гради пред 12 години под ктиторство на браќата Мијалкови, чија семејна куќа се наоѓа во непосредна близина на овој црковен објект. Во темелите на црквата тогаш се стави и посвета на која што фигурира и името на бизнисменот Орце Камчев, кој исто така учествуваше во поставувањето на камен темелникот во август 2012 година, а цело време на изградбата до објектот беше поставена табла на која пишуваше дека инвеститори се семејствата Камчеви и Мијалкови.




## ЖЕНА СЕ ОБИДЕЛА ДА КИДНАПИРА ДЕТЕ ВО ПАРКОТ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Жена на возраст од 45-55 години е пријавена во полиција дека на 3 ноември се обидела да киднапира тригодишно девојче во паркот на населбата Ѓорче Петров.

Случајот го пријавила 35-годишната А.Б. од Скопје, го пријавила настанот истиот ден околу 13:50 часот во полициската станица во населбата.

По добивањето на пријавата, полициски службеници разговарале со М.М (46) кое е осомничено за инцидентот на која и е издадено писмено предупредување.

**ГЕОРГИЕВСКИ:**

# Странски археолози објавија дека најстарата европска населба се наоѓа во Македонија, а нашата власт молчи за да не се налутеле Србите



***Намерите се едно а фактите друго: првото населување на Лепенски Вир се датира во 10 век п.н.е додека локалитетот Влахо кај Битола во 7 в.п.н.е***

- Пред 20-тина дена германски универзитети објавуваат дека меѓународна екипа на археолози, во која учествуваат и Грци што е многу интересно, утврдила дека местото – неолитската населба Влахо кај Битола е најстарата неолитска населба во Европа. 20 дена ја нема таа информација во Македонија. Знаете ли зошто? После објавувањето на тоа, српските археолози почнаа напад како може да има нешто постаро од Лепенски Вир, рече поранешниот премиер Љубчо Георгиевски во емисијата „Трилинг".

Тој додаде дека сега се верува дека Лепенски Вир е најстарата населба во Европа и дека е зачуден што никој не зборува дека според новите откритија најстарата населба е во Македонија.

- Тоа не треба патриотската Влада на ВМРО – ДПМНЕ да направи посебен настан? Да каже дека ако досега сме одвојувале 3.000 евра, сега ќе одвоиме 300.000 евра па ќе направиме туристички центар? Ќе дадеме пропаганда на меѓународни медиуми да доаѓаат луѓето во Европа да ја гледаат каде е првата населба во Европа? И гледајте каков е тој молк за да не се замериме со Србите, кажа Георгиевски.

Тој рече дека ова е пример дека сме под туѓа контрола како држава.

## Двајца браќа осомничени за убиство и обид за убиство во Арачиново, жртвата му должела 7.000 евра на нивниот починат татко

Двајца браќа од Арачиново се осомничени за последното пукање во кое едно лице почина, а едно е тешко повредено. Според Основното јавно обвинителство (ОЈО) Скопје, браќата – едниот на возраст од 23, другиот од 30 години – со умисла го лишиле од живот лицето (на 50 години) кое имало долг од 7.000 евра кон нивниот починат татко, а се обиделе да го лишат од живот и неговиот син (на 19 години, кој е згрижен во болница).

По пукањето, двајцата браќа со автомобил веднаш го напуштиле местото.

Постариот брат (30) подоцна е пронајден и лишен од слобода, а по помладиот (23) и натаму се трага.




### ПРАЗОТ Е ГОРДОСТ ЗА ИРЦИТЕ, ЗОШТО ДА НЕ И ЗА МАКЕДОНЦИТЕ?

# „Празијада“ е доказ дека Македонија изобилува со квалитетни производи



Манифестацијата „Празијада“ е доказ дека Македонија изобилува со квалитетни земјоделски производи, бидејќи ова парче земја ни нуди доволно сончеви денови, богата почва и чиста вода за да произведуваме. А Градошорци е село кое е најголем производител на праз во државата, истакна министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски.

- Преку овој настан се согледува и огромното значење за општина Василево, општината ги промовира карактеристиките и својствата на празот како здрав зеленчук, го доближува до граѓаните истовремено, додаде тој.

Министерот Трипуновски посочи дека покрај промоцијата на празот, се овозможува на едно место да се соберат производителите, но и сите трговци, за да заедно најдат нови пазари за пласман на празот.

- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе продолжи и во иднина да поддржува вакви настани зашто преку нив се промовира локалниот туризам и производите кои се автентични за одредени делови на земјата, нагласи министерот.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors



РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ
- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals
- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

### УСМРТИЛЕ ПЕШАК:

# Маж и жена лажеле за да избегнат вина - снимките од „Сејф сити“ го уловиле возачот




На 2 ноември во 17:25 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул.„500“ и ул.„401“ во с.Марино, Скопско, патничко возило „хонда сивик“ со скопски регистарски ознаки, удрило во В.Н.(78) од Марино, а потоа возилото го напуштило местото на настанот.

Од здобиените повреди на местото на настанот починала В.Н., а лекар од Итната медицинска помош констатирал смрт. По насоки на јавен обвинител телото на почината било предадено на обдукција.

Извршен бил увид од јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје и биле преземени низа оперативни мерки за пронаоѓање на возачот и возилото. Прегледани се видео снимки од околни објекти, разговарано е со лице-сведок, како и со лицата кои се сопственици на возилото, кои во службен разговор изјавиле дека го дале возилото на непознато лице без купопродажен договор.

Но, по преглед на снимките од „Сејф сити“, констатирано е дека се работи за лажна изјава на сопственичката на возилото Ј.С. од Скопје, која веднаш е приведена во ПС Гази Баба и признала дека нејзиниот сопруг И.С. (46) го управувал возилото.

По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава, велат од МВР.

# Винска киселина наместо графит за идните батерии

Прототип на батерија развиена и патентирана од австралиски хемичари го намалува влијанието врз животната средина додека го зголемува капацитетот за складирање енергија

По испитувањето на можностите за користење талог од кафе како еколошки одржлива компонента за производство на батерија, австралиските истражувачи отидоа да ги испитаат соединенијата од винската и јаболковата киселина како компонента што би ги направила литиум-јонските батерии поефикасни, достапни и поодржливи.

Развиен и патентиран од страна на хемичари на *UNSW*, прототипот исто така го намалува влијанието врз животната средина додека го зголемува капацитетот за складирање енергија. Овој вид на батерија е слична на онаа што би ја користеле во мобилен телефон, само помала, објаснуваат истражувачите. Нејзината електрода наместо графит користи соединенија добиени од винска и јаболкова киселина. Тие се јавуваат природно во многу растенија, лесно се достапни, обично се помалку агресивни и ги содржат сите потребни функционални групи или хемиски својства. Се користат како кисела компонента во прашокот за пециво, но и во производството на пенливо вино бидејќи при ферментација ја намалуваат pH вредноста, што го спречува развојот на непожелни бактерии и по ферментацијата делуваат како конзерванс, објаснуваат австралиските хемичари, кои би користеле отпад од храна за да ја направат компонентата на батеријата.

Оваа технологија се покажа како применлива и за натриум-јонските батерии, а истражувачите сега експериментираат со големини на батерии и циклуси на тестирање на различни температури.

# Колку вода е доволно кога готвите ориз – оваа традиционална техника може да ви помогне






Ако вашиот ориз често излегува зрнест, пробајте го овој едноставен начин на готвење. **Енди Херднен**, готвач обучен за *Мишелин* од *Нов Зеланд*, неодамна сподели техника која со децении ја користат „азиските баби".

*„Ако ги прашате азиските баби колку вода ставаат кога готват ориз, веројатно ќе го користат овој стар метод"*, објасни **Енди** во видеото на неговиот популарен канал на *YouTube*, *Andy Cooks.* Според него, првиот чекор е да се измие оризот три пати додека водата не стане речиси чиста. Поставете го врвот на прстот на површината на оризот и истурете вода додека не стигне до првиот зглоб на прстот. Ќе го добиете вистинскиот сооднос на вода и ориз. *„Методот на зглобот"* за мерење на водата при готвење на ориз е традиционална техника која се користи во различни култури, особено во многу азиски земји.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.-*
*340 Sydenham Road*
*Sydenham Vic 3037*



# Казните за брзо возење да бидат спрема приходите




Паушалните казни за пребрзо возење ја *„криминализираа сиромаштијата"*, австралиските истражувачи упатија повик за реформа. Казните за пребрзо возење поради злоупотреба на дрога и проблеми со менталното здравје буквално го „дотепаа" **Аран О'Конел**. Тој добил казна во 2021 година и бидејќи не можел да ја плати, неговиот долг кон државата постојано растел, а тоа му го отежнувало опоравувањето. Кога *Unity Church* на крај го платила неговиот долг и дел од неговото лекување бил бесплатен, успеал да се врати на нормалниот живот.

Независен Австралиски институт спровел истражување чии резултатите покажале постоење докази дека казните трева да се одредуваат според висината на приходите на лицето кое го сторило прекршокот, како што тоа го прави *Финска* во последните сто години. Предизвикот лежи во фактот што сојузната влада ги има податоците за приходите, додека казните ги издаваат државите. Во извештајот на Институтот се наведува дека паушалната казна има непропорционални „погубни ефекти" на оние со ниски примања и на тој начин се „криминализира сиромаштијата".

Истражувачите не анализираа дали казните водат кон спречување на прекршоци, туку се занимавале само со ефектите од финансиските казни врз лица со различни примања.

*„Ако одредуваме казни за возачите, тие би требало да бидат одредени на начин кој нема да доведе до непропорционални финансиски проблеми за оние со ниски примања"* - се наведува во истражувањето.

*„Дел од податоците укажуваат на тоа дека пребрзото возење е „луксузен прекршок"*, што значи дека оние со повисоки примања поверојато ќе добијат казни за пребрзо возење во споредба со оние со ниски примања.

*„Ова значи дека сегашното истражуваање го потценува дополнителниот приход кој би можел да донесе пропорционална казна за пребрзо возење, бидејќи оние со повисоки примања би добиле повисоки казни"*.

Смртта на жена припадничка на староседелците во 2014 година довела до тоа *Западна Австралија* да стане последната држава која ја укинала практиката за приведување на оние

кои не ја платиле казната. Кога е воведена законска реформа во 2020 година, шефот на правната служба за абориџините на *Западна Австралија* рекол, притворањето луѓе поради неплатени казни непропорционално влијае на Абориџините.

*„Оваа практика негативно влијание врз децата, семејствата, заедниците и го зголемува уделот на Абориџините, особено жените, во правниот систем криминализирајќи ги ефектите од расизмот, сиромаштијата и нееднаквоста*" - рече **Денис Егингтон**.

Магичниот круг на неплатени казни, кривични пресуди, губење возачка дозвола и на крајот можете да работите помалку и не успевате да ги платите казните, тоа е вообичаена последица. Според финскиот модел, казните во *Австралија* значително би варирале.

Пречекорувањето од 40 километри на час во *Нов Јужен Велс* може да донесе казна од $1.172, што е речиси двојно повеќе од казната од $620 во соседна *Викторија*. Возач кој во *Нов Јужен Велс* ќе ја пречекори брзината за 9 км/ч ќе плати $181. Согласно со новиот правилник за одредување казни, возач со најголеми приходи би платил $471, а оној возачот кој има најмали приходи би платил само $32.

Луѓето со високи примања ако ја пречекорат брзината за 10 км/ч би можеле да платат казна во износ од $889.

Истражувањето спроведено во *Финска* открило казните над $320 ја намалуваат веројатноста за нов прекршок во следните шест месеци, а 12 месеци по издавањето, казната повеќе нема да го одврати прекршителот од ново кршење на прописите. Ова ја доведува во прашање ефективноста на издавањето казни за пречекорување на брзината, општо гледано Австралискиот институт смета парите собрани на овој начин најдобро е да се насочат кон одржување и унапредување на патиштата.

*„Бидејќи финскиот систем најдолго се применува и се користи транспарентна формула при неговото спроведување, лесно е да се пренесе во друго законодавство*" - велат истражувачите.

Во *Финска*, пречекорувањето на брзината под 20 км/ч во однос на дозволеното значи паушална казна од $178 до $356. Но, ако ја надминете дозволената брзина за над 20 км/ч, се применува пропорционален систем според приходот за определување казна.

Властите пресметуваат колку изнесува вашиот нето приход и колку луѓе издржувате. Ова се нарекува „дневна казна" затоа што е осмислена како пресметка за тоа колку пари би изгубиле ако минете еден ден во затвор. Казните варираат од 12 до 28 износи на дневната казна. Финска исто така наплатува казна од $66 за обештетување на жртвата на престапот. Најмалата дневна казна е $10, така што лице со низок приход кој ќе ја пречекори дозволената брзина за 2 км/ч се казнува со најмалку $116.

Минатата година **Анси Ваноки**, бизнисмен и мултимилионер бил казнет со $196.000 бидејќи ја пречекорил дозволената брзина за над 20 км/ч. Локална арена со капацитет од 4.000 седишта го носи името на овој бизнисмен, а тој рекол оти се надева дека средствата од оваа казна ќе бидат потрошени за здравствена нега.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Индонезија и Русија ги започнаа првите заеднички поморски вежби

*Индонезија* и *Русија* ги започнаа своите први заеднички поморски вежби, додека претседателот на архипелагот на *Југоисточна Азија* се обидува да ја зајакне улогата на *Џакарта* на светската сцена.



Петдневните вежби ќе се одржат во две фази во *Источна Јава*, каде Русија треба да испрати три корвети, танкер, воен хеликоптер и руморкер.

Како што пренесуваат локалните медиуми во *Индонезија*, руските бродови биле пречекани со фамфари во пристаништето *Сурабаја*, на еден ден пред почетокот на вежбите. *Џакарта* долго време водеше неутрална надворешна политика, одбивајќи да заземе јасна страна во војната меѓу *Русија* и *Украина* или да избере помеѓу *Кина* и *САД*, двете ривалски суперсили. Новиот претседател на земјата, *Прабово Субјанто*, повика на зајакнување на врските со *Москва* и покрај притисокот од *Западот*.

*Индонезија* има милијарди долари трговски врски со *Русија*, но нејзиниот увоз на оружје стагнира во последниве години, според *Стокхолмскиот меѓународен институт за истражување на мирот (Сипри)*, по санкциите на Западот воведени кон *Русија* по инвазијата на *Крим* и *Украина* во 2022 година. Сепак, **Прабаво Субјанто** го задржа потенцијалниот договор од 1,1 милијарда долари за руски борбени авиони, склучен во 2018 година, и покрај заканата од САД со санкции.

# Надворешната политика на ЕУ ќе зависи од резултатот на американските избори

Резултатот на претседателските избори во *Соединетите Американски Држави* ќе одредат дали Европа ќе може да води понезависна надворешна политика или ќе продолжи да ги следи упатствата на *Вашингтон*, изјави унгарскиот премиер **Виктор Орбан** по средбата со претседателот на *Киргистан* **Садир Џапаров**.



*„Овие американски избори се од големо значење бидејќи во последните години односите меѓу Европската Унија и Соединетите Држави беа нерамноправни. Во сите поважни стратегиски прашања, Европа немаше независна надворешна политика, секогаш го следеше ставот на Вашингтон. Затоа сега сме заглавени во војната во Украина, доживуваме енергетска криза и пад на конкурентноста*", оцени **Орбан**.

Унгарскиот премиер истакна дека *Европа* не успеала да ги одбрани своите интереси.

Додаде дека прашањето е дали тој курс ќе продолжи или ќе дојде до голема промена која на *ЕУ* ќе ѝ овозможи поцврсто да се држи до своите интереси.

*„Сите ги чекаат резултатите на изборите во САД. Повеќето лидери на западноевропските земји ја поддржуваат демократската кандидатка Камала Харис, а ние го поддржуваме републиканскиот кандидат Доналд Трамп. Ги чекаме резултатите и чекаме да видиме кој ќе победи*", истакна **Орбан**.

# Египет повторно си ја бара назад бистата на кралицата Нефертити, Берлин не ја дава



*Египет* бара враќање на светски познатата биста на кралицата **Нефертити**, која се наоѓа во Новиот музеј во *Берлин* повеќе од сто години. Германските власти го одбиваат ова и велат дека скулптурата ќе остане таму каде што е. Вредноста на скулптурата се проценува на 400 милиони евра и е еден од најпознатите артефакти на древниот *Египет*. Но, од 1922 година, бистата на кралицата Нефертити стара 3.370 години е во *Берлин*.

**Захи Хавас,** поранешниот египетски министер за антиквитети, активно се залага за враќање на **Нефертити** од 2011 година. Неодамна, тој го интензивираше својот ангажман. Покрена петиција со која се повикува *Германија* да ја врати познатата биста, која моментално се наоѓа во берлинскиот музеј *Нојес*.

Германски археолошки тим ја откри насликаната биста од варовник во 1912 година и ја испрати во Европа една година подоцна. **Нефертити** стана важна туристичка атракција.

Бистата, за која се верува дека е направена во 1345 година п.н.е., колоквијално се нарекува амбасадор на *Египет*. Но, египетскиот археолог **Моника Хана** на тоа гледа поинаку. *„Амбасадорот подразбира дипломатска размена"*, изјави таа за *„Дојче Веле"*.

*„Ако испратите амбасадор само во една насока, тој е заложник".*

Археологот јавно повика на *„деколонизација на египетската археологија"*.

Петицијата на **Хавас** не е само за **Нефертити** – исто така повикува на враќање на Каменот од Розета и *Зодијакот на* ***Дендера***, египетските антиквитети лоцирани во *Франција* и *Велика Британија*. *Каменот од Розета*, изложен во *Британскиот музеј* во *Лондон,* е древен египетски камен со натписи на неколку јазици и писма – кој служел како клуч за читање на тајните на хиероглифското писмо. Зодијакот на **Дендера** е огромен камен дијаграм од египетски храм кој датира од средината на 1 век п.н.е., а моментално се наоѓа во музејот *Лувр* во *Париз*.

Сепак, се вели дека бистата на **Нефертити** била легално добиена од Египет, откако била откриена во остатоците од градот *Амарна*, краткотрајната престолнина на фараонот **Ахнатон**, сопругот на **Нефертити**. По неговата смрт, градот на источниот брег на *Нил* бил напуштен.

*„Бистата на Нефертити беше пронајдена за време на ископувањата одобрени од египетската управа за антиквитети"*, вели **Стефан Михлер**, портпарол на пруската фондација за културно наследство

**Михлер** *зборува за договорот* со египетските власти кој предвидува поделба во однос 50:50 од околу 10.000 пронајдени артефакти во замена за финансирање обезбедено од германскиот магнат за памук и текстил **Џејмс Сајмон**. Германските уметнички експерти велат дека претставник на египетската влада избрал половина од предметите, додека другата половина била однесена во *Германија*, вклучувајќи ја и бистата која неколку години подоцна била изложена во музејот *Нојс*.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1839 Year 37 • Tuesday, 5 November 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
High St Preston
0401 686 970

КАЗНИТЕ ЗА БРЗО ВОЗЕЊЕ ДА БИДАТ СПРЕМА ПРИХОДИТЕ

Melbourne Cup Day

МЕЛБУРН КУП 2024:
ТРКА ШТО ЈА ЗАПИРА НАЦИЈАТА

ЏИМ ЧАЛМЕРС
АВСТРАЛИСКАТА ЕКОНОМИЈА Е ПОДГОТВЕНА ЗА „МЕКО СЛЕТУВАЊЕ“

СЕ УРНА НАСТРЕШНИЦА НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА СТАНИЦА

ОХРИЃАНЕЦОТ НИКОЛОСКИ НАЈАВУВА НОВА ЕРА ВО АВИОСООБРАЌАЈОТ:
ОД МОЈОТ РОДЕН ГРАД ЌЕ СЕ ЛЕТА НАСЕКАДЕ НИЗ СВЕТОТ

ВО НОВИ САД МЕЃУ 14 ЗАГИНАТИ Е И МАКЕДОНСКИ ДРЖАВЈАНИН

ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕК ИМА 120 ПРЕПОРАКИ ЗА ЕВРОПСКИОТ ПАТ НА МАКЕДОНИЈА

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

**ПМФЛ:**

# Домаќините не победија на ниту еден натпревар, освен во Битола



На Националната арена „Тодор Проески“ во Скопје Работнички ја пречека Шкендија во дуел на двете првопласирани екипи на табелата. Мрежите мируваа, ниту една од екипите не ги искористи своите шанси, па мечот заврши нерешено.

Гостивар со гол на Елвис во 67. минута дојде до победа на гостувањето кај Шкупи во Чаир.

Струга ТЉ со пресврт дојде до победа на гостувањето кај Беса. По четири минути игра во второто полувреме, Башким Велија донесе водство од 1:0 за Беса. Стефан Јевтоски од слободен удар во 63. минута изедначи на 1:1, а само минута подоцна Кехинде погоди за комплетен пресврт и победа на Струга од 2:1.

Силекс оствари минимална победа Брера во Струмица. Рајков во 16. минута беше стрелец на единствениот гол.

Немаше голови на натпреварот меѓу Воска и Тиквеш.

Со гол во 92. минута на капитенот Мирко Ивановски, Пелистер ги освои сите три бода во Битола. Битолчани на овој начин одлично му се одмаздија на лутиот ривал за поразот во првото „вечно дерби“, кога на сличен начин во Скопје со голот на Дианеси во судиското надополнување Вардар дојде до триумф. Стрелецот Ивановски од радост отрча на трибините да прослави со „чкембарите“, а кога се врати на теренот доби втор жолт, односно црвен картон.

Од другата страна македонскиот најтрофеен фудбалски клуб несомнено го има својот најлош старт на една сезона во клупската историја. По 13 одиграни кола Вардар има само осум освоени бода – резултат што го нема постигнато во ниту една од 31 претходна сезона во македонската елита. Со само две победи, две нерешени и девет порази, ова е најлошо остварување за вардарци и најава за грчевита борба за опстанок.

## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

**Резултати 13. коло**

| | |
|---|---|
| РАБОТНИЧКИ – ШКЕНДИЈА | 0:0 |
| ШКУПИ – ГОСТИВАР | 0:1 |
| БЕСА – СТРУГА | 1:2 |
| БРЕРА – СИЛЕКС | 0:1 |
| ВОСКА – ТИКВЕШ | 0:0 |
| ПЕЛИСТЕР – ВАРДАР | 1:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Работнички | 13 | 6 | 7 | 0 | 25 |
| 2. Гостивар | 13 | 6 | 6 | 1 | 24 |
| 3. Силекс | 13 | 7 | 3 | 3 | 24 |
| 4. Шкендија | 13 | 6 | 6 | 1 | 24 |
| 5. Струга ТЉ | 13 | 6 | 4 | 3 | 22 |
| 6. Шкупи | 13 | 4 | 4 | 5 | 16 |
| 7. Пелистер | 13 | 3 | 7 | 3 | 16 |
| 8. Брера С | 13 | 4 | 3 | 6 | 15 |
| 9. Беса | 13 | 3 | 3 | 7 | 12 |
| 10. Воска спорт | 13 | 2 | 5 | 6 | 11 |
| 11. Тиквеш | 13 | 1 | 6 | 6 | 9 |
| 12. Вардар | 13 | 2 | 2 | 9 | 8 |

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735



## ЗАХАРИЕВСКИ ДОБИ ОТКАЗ ПО ПОРАЗОТ ОД ПЕЛИСТЕР

Фудбалскиот клуб Вардар се раздели со тренерот Срѓан Захариевски по поразот во Битола. Сега „црвено-црните" ќе го бараат четвртиот тренер оваа полусезона, бидејќи пред Захариевски на клупата кратко седеше Горан Петревски, а сезоната ја почна Горазд Михаилов.

Захариевски не можеше да ги поправи резултатите на тимот исто како и Петревски пред него и Михаилов, па се поставува прашањето дали Вардар е последен на табелата во Првата лига со само осум освени бодови поради тренерите или поради нешто друго?

Дури шест странски играчи оваа сезона го облекоа дресот на најтрофејниот македонски тим, а резултатите се полоши од минатата сезона, кога клубот имаше тешки финансиски проблеми и играше најчесто со домашни играчи и на хартија имаше послаб состав.

## Саудијците му нудат на Винисиус една милијарда евра по сезона



Винисиус Жуниор, несудениот добитник на „Златната топка", добил неверојатна понуда од Саудиска Арабија, пренесуваат медиумите во Шпанија.

Не се наведува за кој клуб станува збор, но според „Футмеркато" на Винисиус му бил понуден петгодишен договор вреден една милијарда евра по сезона.

Тоа би било четири пати повеќе од она што годишно го заработува во моментов најплатениот фудбалер во светот, Кристијано Роналдо. Португалецот во Ал Наср има плата од 263 милиони евра годишно.

Бразилецот исто така би добил „одврзани раце" да ја крои трансфер политиката, нешто што до пред неколку месеци го правеше Килијан Мбапе во ПСЖ.

Винисиус Жуниор би станал и заштитно лице на Светското првенство кое треба да се одржи во Саудиска Арабија во 2034 година.

Винисиус пристигна во Реал во 2018 година. Тој одигра вкупно 279 натпревари и постигна 91 гол. Тој освои две ЛШ и три шампионати на Шпанија.






## АМЕРИКАНСКИ ЕКСПЕРТ ПРЕДУПРЕДИ:

# Денвер ќе го уништи Јокиќ!

Денвер нагетс добива големи критики поради лошиот почеток на сезоната, иако најсветла точка е српскиот кошаркар Никола Јокиќ.

Јокиќ сам го носи клубот на својот грб без вистинска помош од колегите, па поради тоа експертите предупредуваат дека Србинот би можел да „настрада“.

- Единствен начин на кој екипата ќе почне да победува е ако Џамал Мареј биде подобар. Јокиќ е најдобар кошаркар во светот, но Денвер ќе го уништи ако продолжи вака, вели експерт за „ЕСПН“.

Јокиќ ги одигра сите шест натпревари од почетокот на сезоната и во просек постигнува по 29.8 поени, 12.3 скокови и 9.8 асистенции.

# Ферстапен победи во Бразил со старт од 17. позиција, полека му се насмевнува нова титула

Макс Ферстапен шампионски стигна до победа на ГН на Бразил, Холанѓанецот славеше и покрај тоа што стартуваше дури од 17. позиција.

Оваа трка беше „прозорец на можност“ за Ландо Норис дополнително да ја намали предноста на Макс Ферстапен и да го направи екстра возбудлив финишот од сезоната во Формула 1.



Сепак, Холанѓанецот знаеше како да го искористи хаосот кој почна со излетувањето на Хулкенберг во 27. круг, новите врнежи на дожд, како и сударот на Колапинто, по кој беа покажани црвени знамиња.

По ре-стартот на трката, следуваа нови инциденти во кои беа инволвирани Бермен и Саинц, а кога конечно беа покажани зелени знамиња и дозвола за тркање, Макс Ферстапен изби на чело и не дозволи да биде загрозен во ниту еден момент.

На големо изненадување, на пиедесталот се качи двоецот на „Алпин“, Окон финишираше како втор, а Гасли како трет.

Потоа следуваа Расел и Леклер, а Норис финишираше како шести. Во бодови уште завршија Цунода, Пиастри, Лоусон и Хамилтон.

# Вакво нешто не му се случило на Ѓоковиќ две години

На светската ранг листа Ѓоковиќ има 5.210 поени (загуби 1.000 поени зашто не се појави на турнирот во Париз) и по две години за прв пат е петти на АТП-листата. Пред него е Данил Медведев со 5.230 поени, Алкараз е на третата позиција со 7.210 поени, Зверев е втор со 7715, додека далеку на врвот Италијанецот Јаник Синер има 11.330 поени.

Во топ десет се уште: Тејлор Фриц, Каспер Руд, Алекс Де Минор, Андреј Рубљев и Григор Димитров.




Australian Macedonian TODAY

ISSN 1442-195X

# СПОРТ



# БАЊАЈА ПОБЕДИ ПРЕД МАРТИН, СТРАШЕН ИНЦИДЕНТ ЈА ОБЕЛЕЖА ТРКАТА ВО МАЛЕЗИЈА

Страшниот инцидент, за среќа без последици, во која се најде Џек Милер од КТМ, ја обележа трката ГН на Малезија, во која победи Пеко Бањаја пред Хорхе Мартин и Енеа Бастијанини.

На патеката „Сепанг“, на стартот, Австралискиот возач изгуби контрола имаше контакт со Фабио Квартараро, а во инцидентот ни крв ни дожен настрада и тимскиот колега на Милер, Бред Биндер.

Трката беше прекината набргу потоа за да му се помогне на Милер, бидејќи веднаш беше очигледно дека Квартараро и Биндер се релативно добро.

Милер, требаше да биде пренесен во болница со амбулантно возило, но набрзо беше утврдено дека тоа не е неопходно бидејќи за среќа повредите не се сериозни.

Што се однесува до трката на „Сепанг“, претпоследната трка сезона, првото место го зазема возачот на Дукати, Франческо Бања. Актуелниот шампион четири круга водеше епска борба со лидерот во генералниот пласман, Мартин.

Неколку пати тие двајца се менуваа на челната позиција. На крајот Бањаја успеа да се одвои и да ја забележи 10 победа во сезоната.

И покрај тоа што заврши зад Бањаја, Мартин го задржа водството во генералниот поредок, има 24 поени повеќе, па овосезонскиот Мото ГП ќе има „фотофиниш“ кој ќе се одржи на 17 ноември на патеката во Барселона.

